SABIC Innovative Plastics™

# Lexan* Thermoclear* Plus 2UV повеќеслојна поликарбонатна плоча Технички карактеристики

## Опис

Lexan* Thermoclear* Plus 2UV плочата е високо квалитетна, повеќеслојна поликарбонатна застаклувачка и покривачка плоча. Целата лепеза од овие плочи нуди извoредна отпорност на удар, висока светлопропустливост, мала тежина, долготрајна отпорност на временски услови и со оглед на нивната повеќеслојна структура, одлични термичко-изолаторни својства, со двострана УВ заштита.
Lexan Thermoclear Plus 2UV плочите се достапни транспарентни (112), опал бели (WH7A092X), бронзени (515055), непровидно бели (GY8D201), Solar Control IR зелени (GN8B038T) и металик (GY6A744M).

| Структура | Вид плочи Thermoclear* | Дебелина (mm) | Тежина (kg/m²) | Растојание помеѓу ребрата (mm) | У-вредност (W/m²K) | Светло пропустливост транспарент (112) | Светло пропустливост опал бела (WH7A092X) | Топлинска пропустливост транспарент (112) | Топлинска пропустливост опал бела (WH7A092X) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Двослојна | LT2UV452RS10 | 4,5 | 1,0 | 6 | 3,86 | 83% | 67% | 83% | 70% |
| | LT2UV062RS13 | 6 | 1,3 | 6 | 3,56 | 82% | 66,00% | 82% | 69% |
| | LT2UV082RS15 | 8 | 1,5 | 10 | 3,26 | 81% | 64% | 82% | 68% |
| | LT2UV102RS17 | 10 | 1,7 | 10 | 3,02 | 81% | 64% | 80% | 68% |
| Трослојна | LT2UV163TS27 | 16 | 2,7 | 20 | 2,27 | 74% | 63% | 78% | 69% |
| X-структура 3-слојна | LT2UV163X29 | 16 | 2,9 | 16 | 2,10 | 67% | 60% | 71% | 64% |
| 5-слојна | LT2UV105R175 | 10 | 1,75 | 8 | 2,39 | 65% | 60% | 65% | 59% |
| | LT2UV205RS33 | 20 | 3,3 | 18 | 1,77 | 64% | 55% | 71% | 60% |
| X-структура 5-слојна | LT2UV325X38 | 32 | 3,8 | 20 | 1,32 | 55% | 48% | 65% | 48% |
| 6-слојна | LT2UV166RS27 | 16 | 2,7 | 20 | 1,84 | 61% | 52% | 64% | 60% |
| | LT2UV206RS30 | 20 | 3,0 | 20 | 1,61 | 61% | 50 | 64% | 61% |
| | LT2UV256RS35 | 25 | 3,5 | 20 | 1,45 | 58% | 49% | 66% | 63% |

Освен овие горенаведени комбинации на производи, нудиме и други дополнителни конфигурации. Тие се со различна надворешна но и внатрешна површина на плочите и се дизајнирани да овозможат специфични додатни вредности.

**Надворешна површина: Самите се чистат**

**•Lexan* Thermoclear* Easy Clean повеќеслојни поликарбонатни плочи**
Оваа поликарбонатна плоча е прва од овој тип која сама се чисти. Има двострана УВ заштита и единствен хидрофобичен слој на надворешната површина кој ја намалува рапавоста и го зголемува аголот на контакт на водата со плочата. Со тоа се овозможува да се формираат големи капки од вода со што се мие поголемиот дел од прашината, така да плочата е скоро без никакви дамки. Всушност, плочата останува чиста подолго време со што се драстично се намалува механичкото чистење а со тоа и трошоците кои произлегуваат од тоа.

**Надворечна површина: Супериорни својства кон временските услови**

**•Lexan* Thermoclear* SunXP повеќеслојните поликарбонатни плочи**
Со оглед на одличните својства на Lexan* Thermoclear* плочите, Lexan* Thermoclear* SunXP плочите се двострано УВ заштитети, но нудат дури и многу поголема отпорност на УВ зрачењето, жолтеењето и губењето на светлопропустливоста. Овој извореден материјал нуди и единствена 15 годишна фабричка гаранција.

**Внатрешна површина: неконденbuilt-заторно-прокапувачки**

**•Lexan* Thermoclear* Dripgard повеќеслојни поликарбонатни плочи**
Lexan Thermoclear Dripgard плочите се погодни за секаков вид на покривачки и застаклувачки апликации каде не се дозволени водените капки, како што се комерцијалните оранжерии и расадници каде капките може да доведат до расипување на родот. Овој иновативен производ има УВ заштита на надворешната површина и специјално дизајниран хидрофоличен слој на внатрешната површина. Овој слој го намалува создавањето на кондезациски капки со тоа што е зголемена рапавоста и се намалува аголот на контакт. Така, многу мали капки ќе се јават на површината од внатрешната страна на плочата кои нема да капнат а и нема да има никаква загуба на одличната светлопропустливост.

Овластен Дистрибутер:

Liting

SABIC Innovative Plastics™

# Lexan* Thermoclear* Plus 2UV повеќеслојна поликарбонатна плоча
# Технички карактеристики

## Светлопропустливост
Транспарентноста на Lexan* Thermoclear* плочите овозможува одлична светлопропустливост. Иако плочите имаат помала светлопропустливост во однос на традиционалното стакло, за градби во жешка клима и кои гледаат на југ, ви ги препорачуваме Lexan* Thermoclear* Solar Control IR плочите (ги апсорбираат Инфра-црвените зраци) кои можат да ја намалат светлопропустливоста дури до 70%.

## УВ заштита
Освен што овозможуваат провидност и светлопропустливост, Lexan* Thermoclear* Plus 2UV плочите се скоро непробојни на Ултра-виолетовата и Инфра-црвената радијација. Овој штит може да оневозможи губење на бојата на чуствителните материјали и органски производи кои се позади или под покривните плочи, како на пример во музеи, магацини или пак трговски центри.

Комплетната лепеза на Lexan Thermoclear Plus 2UV плочите содржи двострана површинска облога дизајнирана да ги заштити плочите од деградирачките ефекти на ултра-виолетовата радијација на сончевото зрачење. Имаат и одлична отпорност на надворешните временски услови.

## Гаранција
SABIC Innovative Plastics нуди 10 годишна ограничена пишана гаранција на Lexan Thermoclear Plus 2UV поликарбонатните плочи во случај на губење на бојата, губење на светлопропустливоста и губење на јачината, кои што се должат на временските услови.

## Термичка изолација
Повеќеслојната структура на Lexan Thermoclear Plus 2UV плочите нуди значителни предности каде термичката изолација е од огромно значење. Шупливата форма овозможува одлични изолаторни својства со губиток на топлината значително помали во однос на еднослојните застаклувачки материјали.

## Огноотпорност
Lexan Thermoclear Plus 2UV плочите имаат добри огноотпорни својства и самогасиви се. Тие имаат добиено високи оцени на повеќе големи европски огноотпорни тестови. За подетални информации обратете се во нашата дирекција.

## Звучна изолација
Звучните изолаторни својства на материјалот првенствено се детерминирани од неговата дебелина, маса и структурата на зидовите. Според DIN 52210-75, највисок задржувачки звук е 24dB.

## Ударна цврстина
Lexan Thermoclear Plus 2UV плочите имаат одлични својства на ударна цврстина во различни температурни разлики, од -40°C до 120°C, а и по долготрајна изложеност на надворешни временски влијанија.

## Деформациски својства
Како покривачки материјал Lexan Thermoclear Plus 2UV плочите се подложени на екстремни временски услови, како што се бурите, град, снег, ветер, лед, но и екстремно силно сонце. Во овие услови овие поликарбонатни плочи се виртуелно некршливи и можат да ги издржат температурните разлики без да се скршат или пак да се деформираат. Овде треба да се напомене и тоа дека каде што акрилните плочи и стаклото во тестовите пукаат и се кршат, Lexan Thermoclear Plus 2UV плочите покажуваат само мали деформитети, односно невидливи деформации. SABIC Innovative Plastics нуди 10 годишна гаранција на Lexan Thermoclear Plus 2UV плочите против губењето на цврстината што се должи на надворешните временски услови.

Овластен Дистрибутер:

SABIC
Innovative
Plastics™

# Lexan* Thermoclear* Plus 2UV повеќеслојна поликарбонатна плоча
# Технички карактеристики

## Структури

| Структура: | Скица: |
|---|---|
| Двослојна |  |
| Трослојна |  |
| Трослојна X структура |  |
| 5-слојна |  |
| 5-слојна X структура |  |
| 6-слојна |  |

Овластен Дистрибутер:

SABIC
Innovative
Plastics™

# Lexan* Thermoclear* Plus 2UV повеќеслојна поликарбонатна плоча
# Технички карактеристики

## Основни упатства

### Складирање
Lexan Thermoclear Plus 2UV плочите треба да се чуваат и заштитат од атмосферските влијанија како што се сонце, дожд итн, односно во оптимални затворени магацински услови. Грижата треба да продолжи и во транспортот на плочите за да се избегнат гребаници и напукнувања по површината и оштетување на краевите од плочата.

### Чистење
SABIC Innovative Plastics го препорачува средството за чистење SUMALIGHT D12 од Johnson Diversey Lever (за повеќе информации контактирајте нé). Помали површини можат да се исчистат со топла вода, мек сунгер и малце сапун. Не користете корозивни материјали и хемиски средства за чистење, бидејќи доколку тоа не е со наша согласност нема да биде важечка гаранцијата.

### Хемиска отпорност
Препорачани се Neoprene, EPT or EPDM гуми со одприлика A65 цврстина на површината. Кога користите застаклувачки компоненти, од огромно значење е затворачкиот систем да има делатирачко и дихтувачко својство. Силиконските затворачи општо се дозволени. Со оглед каков и да материјал користите за затворање на плочите, проверете ја компатибилноста и дали тоа е дозволено.

### Сечење
Lexan Thermoclear Plus 2UV плочите можат да се сечат лесно и прецизно со стандарден алат. Тука спаѓаат стандардниот циркулар, рачна и убодна пила, нож итн. Прашината од сечењето со пила треба да се издува со компресиран воздух. Пилата на циркуларот треба да биде за меки панели. Кога се користи рачна или убодна пила, плочата треба да биде прикачена на работна маса за да се избегнат несаканите вибрации.

### Дозволиво термичко ширење
Плочите работат, односно на топло се шират а на ладно се собираат. Бидејќи Lexan Thermoclear Plus 2UV плочата има поголемо линеарно термичко ширење за разлика од конвенционалните застаклувачки материјали, треба да се води грижа да се обезбеди на плочата слободно да се шири и да се избегнат при тоа несакани деформации и внатрешен термички стрес. Дозволеноста за термичко ширење на плочата треба да се направи од сите страни, и по ширина и по должина. Воглавно, термичкото ширење на плочата изнесува околу 3 мм на метар.

Lexan* Tough Virtually Unbreakable
Film and Sheet

* Trademark of SABIC Innovative Plastics IP BV

---

Овластен Дистрибутер за Lexan* Thermoclear* Plus 2UV повеќеслојните поликарбонатни плочи:

ЛИТИНГ д.о.о.е.л.
Бул.Кочо Рацин Бр.8
1000 Скопје, Република Македонија
Тел: +38923114360 / +38923237369
Факс: + 38923114165
www.liting.com.mk

Lexan* е правно заштитен бренд на SABIC Innovative Plastics